ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 03-141/1
15.03 2021 год.
ВЕЛЕС

Согласно член 46, 47, 48 и 49 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република" бр. 78/15, 106/15, 153/15,190/16 и 21/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.101/19), а врз основа на Одлука за продажба на движни ствари Бр 40-1546/1 од 16 февруари 2021 година донедена од Владата на Република Северна Македонија, Комисијата за недвижни и движни ствари на ЈПВ Лисиче-Велес, формирана со Одлука бр.02-378/1 од 30.09.2020 година, ја дава следната:

**ОБЈАВА Бр. 01/2021**
**за прва продажба на движни ствари по пат на електронско јавно наддавање**

1. **Предмет на продажба** со електронско јавно наддавање се движни ствари: патнички моторни возила и тоа:

Табела 1 – Вид, карактеристики на патничките моторни возила и проценета вредност

| Реден број | Марка - тип/модел | Регистар ски број | Број на мотор | Број на шасија | Сила на моторот/ kw | Година на производ ство | Боја | Проценета вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Citroen Berlingo 2.0 HDI | VE-6721 AB | 4001304 | VF7GJRHYK93 222151 | 66 | 2005 | Сива/7F | 124.314,00 ден. |
| 2. | Peugeot Expert 2.0 HDI | VE- 751 BO | 10DYPY3001 551 | VF3BDRHZB86 170206 | 80 | 2005 | Сива/16 | 129.419,00 ден. |
| 3. | Renault Laguna | / | / | VF1KGRG0633 272828 | / | / | Бела | 59.040,00 ден. |

Патничките моторни возила кои се предмет на продажба се наоѓаат во кругот на дирекцијата на ЈПВ Лисиче-Велес на ул.Вардарска бб во Велес и можат да се видат секој работен ден од 10.30 до 14.30 часот.
Стварите се продаваат по системот **видено-купено**, дополнителни рекламации не се примаат.

2. Движните ствари се продаваат **поединечно**.

3. Почетната цена за електронското јавно наддавање за секое од патничките моторни возила е проценетата вредност утврдена поединечно за секое возило со Процените од Трговец поедниnец ПРОЦЕНА ПЛУС ТП Штип и наведени во табела 1 и тоа:

-За патничкото моторно возило **Citroen Berlingo** 2.0 HDI, со Процена бр. 28-20/Т од 21.12.2020г …………….. **124.314,00 денари**
-За патничкото моторно возило **Peugeot Expert 2.0 HDI**, со Процена бр.29-20/Т од 21.12.2020г.…………….. **129.419,00 денари**
-За патничкото моторно возило **Renault Laguna**, со процена бр.30-20/Т од 21.12.2020г. ………… …………….. **59.040,00 денари**

4. Јавното наддавање за продажба на движните ствари ќе се одржи на ден **01.04.2021 година (четврток)** и тоа:

-За патничкото моторно возило Citroen Berlingo 2.0 HDI со почеток во **10.00 часот**
-За патничкото моторно возило Peugeot Ecxpert 2.0 HDI со почеток во **11.00 часот**
-За патничкото моторно возило Renault Laguna со почеток во **12.00 часот**

5. **Право на учество** на електронското јавно наддавање имаат сите домашни и странски правни и физички лица кои можат да се стекнат со право на сопственост на движни ствари на територијата на Република Северна Македонија согласно закон.

6. **Потребни документи** за учество на јавното наддавање

Учесниците на јавното наддавање се должни по електронски пат да достават:
- Пријава за учество и
- Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на возилото за кое се учествува во јавното наддавање;

7.**Пријавата за учество** на јавното наддавање се поднесува електронски на интернет адреса: e-aukcii.finance.gov.mk

Пријавата за учество на јавното наддавање треба да ги содржи сите податоци кои се утврдени во објавата за електронското јавно наддавање, а задолжително:
-генералии за истиот (полн назив, точна адреса и телефон за контакт);
-е-маил адреса на поднесувачот на пријавата

Во прилог кон пријавата подносителите треба да поднесат и:
а) *за правни лица*
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија, односно соодветен документ издаден од надлежен орган од земјата каде е регистриран правниот субјект;
б) *за физички лица*
- копија од лична карта или патна исправа

И за физички и за правни лица подносителите треба да достават и:
- Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност, до истекот на рокот за пријавување, се поднесува и електронски и во оригинал до ,,Комисијата за спроведување на постапки за продажба на недвижни и движни ствари на ЈПВ Лисиче-Велес", ул. Вардарска бб, 1400 Велес, Република Северна Македонија. Информации на телефон: контакт лице претседател на Комисијата на недвижни и движни ствари" Антоанета Стојанова – 072 321 283 (секој работен ден од 09 часот до 14.00 часот)

8. Рок за поднесување пријави за учество во јавното наддавање

За учество на јавното наддавање, учесниците се должни електронски да се пријават до 26.03.2021г.(петок), односно до истекот на 11-от ден сметано од денот на објавување на објавата во дневните весници и на интернет страницата,
Комисијата на подносителите кои уредно се пријавиле во системот за електронско јавно наддавање, во рок од три дена по истекот на времетраењето на објавата, ќе им достави корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање. (појаснување: ова го креира автоматски системот и го праќа)

9. Начин и постапка за спроведување на јавното наддавање

9.1. За да се одржи јавното наддавање, потребно е да има најмалку еден учесник.
9.2. За најповолен понудувач на јавното наддавање се смета учесникот кој понудил последна цена, која

претставува највисока цена за продажба на движната ствар.

9.3. Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 дена од приемот на писменото известување за избор, да уплати средства согласно постигнатата крајна цена од наддавањето, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранцијза за сериозност на понудат ќе биде активирана и понудувачот во период од 1 година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната движна ствар.

9.4. Носителот на правото на сопственост со најповолниот понудувач, ќе склучи договор за купопродажба во рок од 5 (пет) работни дена по извршената уплата на цената на движните ствари.
Данокот на промет и нотарските трошоци за солемнизација на договорот за купопродажба на движните ствари ќе ги сноси купувачот - најповолниот понудувач

9.5 Уплатата на средствата треба да биде извршена на следната жиро сметка: 320 000000 9012 33, депонент: Централна кооперативна банка АД Скопје; цел на дознака: уплата за .......................... (да се наведе името на патничкото моротно возило кое се купува).

9.6. Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање им/му се враќа на подносителот/подносителите на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржување на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање

9.7. Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање. Приговорот се доставува до Комисијата во рок од 3 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање. Комисијата одлучува по приговорот со решение во рок од 5 дена од приемот на приговорот. Против решението на Комисијата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

10. Интернет страница на која ќе се одржи јавното наддавање
Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: **e-aukcii.finance.gov.mk**

Комисија за недвижни и движни ствари на
ЈПВ Лисиче-Велес

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС